Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ
Бр. 03-294/1
29.05. 2020 година
СКОПЈЕ

**Република Северна Македонија**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за музичка уметност – Скопје**

Питу Гули бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
http://fmu.ukim.edu.mk/
тел. +389 (0)2 3134 345 email: fmu@fmu.ukim.edu.mk

Известување во врска со јунската испитна сесија во академската 2019/20 година

Почитувани колеги и студенти,

Ве известуваме дека Деканатската управа интензивно работи врз планирањето на јунската испитна сесија во рамките на новосоздадените услови. Воедно, покрај консултациите со професорите во кој формат ќе ја држат испитната сесија, електронски или со физичко присуство, како и барањето од дел професори да се одржи дел од наставата со физичко присуство, пред полагањето на испитите, презедовме повеќе чекори за утврдување на условите во објектот за изведување на вакви активности. Со оглед на тоа што сè уште не сме го добиле владиниот протокол за изведување на активности во објектите на високообразовните установи каде би биле пропишани мерките за заштита, накнадно ќе ве известиме за условите и термините за изведувањето на оваа испитна сесија. Според нашата претпоставка испитната сесија ќе започне од 15 јуни и ќе трае до 15 јули 2020 година.

Декан,
проф. м-р Живко Фирфов